**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 27. 10. 2016
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 5229 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Вкупното времетраење на анализираните прилози во периодот од 12 до 21 октомври е 4 часа 11 минути и 54 секунди. Предмет на анализа се десет изданија на Вестите емитувани во 19.00 часот. Претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар), изјави, се застапени со 4 часа,

4 минути и 47 секунди (Табела 1) во вкупно анализираните прилози на ТВ Алсат М. Преостанатото време го чинат два новинарски осврта, со вкупно времетраење од 7 минути и 7 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:29 | 5,10 | % |
| Влада на РМ | 00:40:27 | 16,52 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:23:15 | 9,50 | % |
| Без субјекти | 00:19:54 | 8,13 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:58 | 3,66 | % |
| Други субјекти | 00:21:58 | 8,97 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:19:30 | 7,97 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:44 | 6,02 | % |
| СДСМ | 00:06:38 | 2,71 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:08:26 | 3,45 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:47 | 2,77 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:38 | 0,26 | % |
| Опозициски совет | 00:00:45 | 0,31 | % |
| Судство | 00:07:14 | 2,95 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:08 | 0,87 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:39 | 1,90 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:56 | 1,20 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:25 | 5,89 | % |
| Специјално обвинителство | 00:13:09 | 5,37 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:27 | 0,18 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:49 | 2,78 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:14 | 0,50 | % |
| Унитети | 00:02:25 | 0,99 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:27 | 0,18 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:53 | 0,36 | % |
| Беса | 00:01:14 | 0,50 | % |
| Привремена комисија | 00:01:05 | 0,44 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:31 | 0,21 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:21 | 0,14 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:21 | 0,14 | % |
| | **Вкупно: 04:04:47** | 100 | % |

Меѓу триесетте субјекти коишто се појавуваат во анализираните прилози на ТВ Алсат М, според временската застапеност може да се рече отскокнува Влада на РМ. Станува збор за информации коишто се однесуваат на редовните активности на претставниците на Владата. Медиумот информира за повеќе настани што се случиле во извештајниот период, во коишто на посреден или непосреден начин се вклучени владините тела или нивни претставници. Сепак, информирањето за три настани (случувањата со влегувањето на Специјалното јавно обвинителство во Управата за безбедност и контраразузнавање, обештетувањето на жителите од поплавените подрачја и информирањето за проблемите во основното, средното и високото образование) е главно причината за најголемата застапеност на Владата. Медиумот во

континуитет информираше за случувањата на релација СЈО – УБК, при што беа пренесувани ставовите на Министерството за внатрешни работи и неговите претставници. Работата на владината комисија за обештетување на граѓаните од поплавените подрачја од скопскиот регион, беше тема на интерес на медиумот, посебно по поплаките на жителите за минималните исплати. Телевизијата и во овој период продолжува да информира за голем дел од проблемите (несоодветни просторни услови, дотраени објекти, проблеми со учебниците, несоодветен наставен кадар на универзитетот „Мајка Тереза“ и др.) коишто се во доменот на работа на Министерството за образование и наука и ресорниот министер. Прашањата поврзани со образованието, медиумот ги поставува проблемски, критички ги елаборира, но сепак употребениот тон и рамка се неутрални, оставајќи простор својот став да го искаже, во најчест случај и министерот за образование, или други лица од ова Министерство. Застапеноста на Владата како субјект ја чинат и прилозите поврзани со: реакцијата на министерката за култура по повод обвинувањата од СЈО, изградбата на Театарот на етничките заедници во Скопје, изјавите на вицепремиерот Адеми во очи посетата на еврокомесарот Хан, обвинувањата на релација МВР – Министерство за финансии во врска со вработувањата на кандидатите за полицајци кои ја поминале обуката, извадок од интервјуто емитувано во емисијата „360 степени“ со министерот за надворешни работи, Никола Попоски и др.

Според застапеноста, следуваат четири субјекти коишто заедно зафаќаат околу 1/3 од вкупното време на анализираните прилози. Два од овие субјекта „Експерти/аналитичари“ и „Други субјекти“ имаат, секој од нив, по 9 процентна процентуална застапеност, а другите два „Без субјекти“ и „Органи на државна управа/јавни претпријатија“, се застапени со по 8% во вкупното време на прилозите што се предмет на мониторингот.

За дел од настаните за коишто информира, медиумот бара став или мислење од експертите или аналитичарите на состојбите. Станува збор пред се за настани од поширoко општествено-политичко значење. Распуштањето на Собранието на РМ, изгласувањето на буџетот за 2017 година, попречувањето на работата на Специјалното јавно обвинителство од повеќе чинители, игнорирањето на судската одлука со која СЈО влезе во УБК, конфискација на незаконски стекнат имот и др. се дел од настаните и темите што беа во фокусот на интерес на ТВ Алсат М, за коишто беше емитувано и експертско мислење.

Субјектите кодирани како „Други субјекти“ коишто во претходните извештајни периоди имаа најголема застапеност, овој пат се третозастапени со време од безмалку 22 минути. Во петтиот извештаен период, како „Други субјекти“ се категоризирани: адвокати, Регулаторна комисија за енергетика, универзитетски професори, ЕВН, Алкалоид, универзитет „Мајка Тереза“, клиника „Медика“-Тетово, Државна комисија за спречување корупција, Југохром, глумци, новинари, Стопанска комора на северозападна Македонија и др.

Вкупно 13 политички субјекти беа застапени во анализираните прилози на телевизијата емитувани во периодот од 12 до 21 октомври. Осум од нив (СДСМ, Беса, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ, Демократски сојуз, ДПА, ДПА-ДР и Унитети) имаа можност и непосредно, директно да се обратат до гледачите, а преостанатите пет (НДП на Весел Мемеди, НДП на Фадил Зендели, Опозициски совет, ПДП и НДП) се дел од некој прилог, во којшто се говори и за нив.

Емитувани се два новинарски осврта со вкупно времетраење од 7 минути и 7 секунди. „Мал број на Албанци во Архив на Република Македонија“ (трае 2 минути и 46 секунди) е насловот на едниот, а вториот, насловен „Денешна Македонија, со вчерашните националисти“ (трае 4 минути и 21 секунда).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| 04. СДСМ | 00:02:38 | 3,88 | % |
| 193. Експерти/аналитичари | 00:13:19 | 19,64 | % |
| 186. Беса | 00:00:27 | 0,66 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 194. Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:10 | 4,67 | % |
| 21. ДИК и други органи | 00:00:27 | 0,66 | % |
| 192. Граѓански сектор | 00:03:50 | 5,65 | % |
| 03. ВМРО ДПМНЕ | 00:04:22 | 6,44 | % |
| 28. Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:51 | 7,15 | % |
| 22. Влада на РМ | 00:09:17 | 13,69 | % |
| 25. Локална самоуправа | 00:02:21 | 3,47 | % |
| 08. ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:47 | 4,10 | % |
| 26. Други субјекти | 00:06:06 | 8,99 | % |
| 32. Демократски сојуз | 00:00:18 | 0,44 | % |
| 14. ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:11 | 6,17 | % |
| 187. Специјално обвинителство | 00:04:58 | 7,32 | % |
| 184. ДПА-ДР | 00:00:48 | 1,18 | % |
| 185. Унитети | 00:01:21 | 1,99 | % |
| 23. Собрание на РМ | 00:00:13 | 0,32 | % |
| 211. Привремена комисија | 00:00:33 | 0,81 | % |
| 188. Министри/заменици од СДСМ | 00:01:10 | 1,72 | % |
| 190. Судство | 00:00:42 | 1,03 | % |
| | **Вкупно: 01:07:49** | 100 | % |

Со двоцифрена процентуална застапеност кај директните обраќања се субјектите „Експерти/аналитичари“ и оние кодирани како „Други субјекти“. Заедно зафаќаат околу 1/3 од вкупното времетраење на директните обраќања, првите со застапеност од 13 минути, а вторите со 9 минути. Според просторот на непосреден пристап до публиката следуваат: „Други субјекти“, Специјално јавно обвинителство, Органи на државна управа/јавни претпријатија итн.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во анализираниот период од 12 до 21 октомври 2016 година, на програмата на ТВ Алсат М се емитувани по две премиерни дебатни изданија на емисиите „Патот кон“ и „Економски магазин„ и по едно премиерно дебатно издание на емисиите „200“ и „360 степени“, или вкупно 6 премиерни дебатни изданија во рамки на извештајниот период. Емитувани се и 5 реprизи, три се однесуваат на изданијата на емисијата „Патот кон“, а по едно на емисиите „Економски магазин“ и „200“.

Првата премиерна дебата е емитувана на 13 октомври, во рамки на емисијата „Патот кон“. Гости во студиото на ТВ Алсат М беа Валдет Џафери, министер за правда, Артене Адеми, адвокатка и Митасим Беќири од ДПА. Политизацијата на судскиот систем и случувањата поврзани со Специјалното јавно обвинителство, беа главните теми на дискусија во емисијата. Репризирана е два пати, на 14 и 15 октомври.

Истиот ден, по изданието на „Патот кон„ беше емитувано дебатно соочување е во рамки на емисијата што третира економски теми „Економски магазин“. Буџетот за 2017 година беше во фокусот на интерес на дебатата. За тоа дали тој содржи развојни или популистички проекти, дискутираа претставници од три политички субјекти – Марјанчо Николов од СДСМ, Бардул Даути од ДПА и Реџаил Исмаили од ДУИ.

Водителката напоменува дека бил поканет претставник и од ВМРО ДПМНЕ, но поканата била одбиена. Емисијата е репризирана наредниот ден, 14 октомври.

Дебатното издание на емисијата „360 степени" е емитувано на 14 октомври. За актуелните општествено-политички случувања ставовите ги сопоставија: Имер Селмани, поранешен министер и вицепремиер, аналитичарот Сашо Клековски и Стево Пендаровски, универзитетски професор и поранешен претседателски кандидат на опозицијата.

На 18 октомври, во рамки на емисијата „200" гостуваа новинарите-аналитичари: Катерина Блажевска, Лирим Дулови и Џелал Незири. Разговараа за тоа какви избори не очекуваат и што се случува со коалицирањето на политичките партии од албанскиот политички блок. На 16 октомври е емитувано репризно издание на емисијата „200", премиерно емитувано во претходниот извештаен период, на 11 октомври. Гости во тоа издание беа претставниците на граѓанскиот сектор, Алберт Хани и Аделина Фицо и историчарот Скендер Асани.

Второто премиерно издание на емисијата „Патот кон" во овој извештаен период, беше емитувано на 20 октомври. За влезот на СЈО во УБК и за претстојните Предвремени парламентарни избори, дискутираа тројцата претставници на политичките партии СДСМ, ДПА и ДУИ – Едмонд Адеми, Луан Треси и Арбер Адеми. Емисијата е репризирана наредниот ден, 21 октомври, во раните утрински часови.

Последното премиерно издание во петттиот извештаен период се однесува на емисијата „Економски магазин", емитувана по „Патот кон", на 20 октомври. За сознанијата за вршење политички притисоци врз администрацијата, огласите за вработувања во државниот сектор и за други прашања поврзани со државната администрација, дискутираа Павле Трајанов од Демократски сојуз, Александар Кирацовски од СДСМ и дополнителен-заменик министер во МИОА, и Јахи Јахиу од ДУИ (државен секретар во МИОА). Поканет бил претставник и од ВМРО ДПМНЕ, но од партијата не одговориле на поканата.

*Интервјуа*

Емитувани се две интервјуа во рамки на емисијата „360 степени". Во изданието на емисијата од 17 октомври, гостин беше министерот за надворешни работи од редовите на ВМРО ДПМНЕ, Никола Попоски. Дали има услови за фер избори, дали е одвоена партијата од државата, има ли Попоски премиерски амбиции, беа дел од прашањата за кои се дикутираше со гостинот.

Второто интервју е емитувано на 21 октомври, со министерот за внатрешни работи од редовите на СДСМ, Оливер Спасовски. Последните настани на релација СЈО – УБК, дилемата за тоа кој раководи со МВР, Спасовски или Митко Чавков, беа прашањата околу кои се водеше разговорот.

***Сектор за програмски работи***